# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**989.**

Врз основа на член 194 став 1 и став 5 и член 207 став 1 алинеја ѕ) од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 30.01.2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. ТРАЈНО СЕ ОДЗЕМА дозволата за вршење на услуги со хартии од вредност на брокерската куќа Алта Виста Брокер АД Скопје издадена со Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија број 08-2486/3 од 26.12.2006 година и Решение број УП 01 број 08-47 од 18.05.2011 година.

2. Одземањето на дозволата од точка 1 од ова решение се врши поради настанување на променети околности во работењето на брокерската куќа, односно донесена Одлука број 06/2014 од 22.01.2014 година за престанок со работа на брокерската куќа Алта Виста Брокер АД Скопје од страна на Собранието на акционери.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје веднаш по приемот на ова Решение трајно да ја исклучат од членство брокерската куќа Алта Виста Брокер АД Скопје.

4. Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на РМ".

Бр. УП1 08-02
30 јануари 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

---

**990.**

Врз основа на член 132 став 1, алинеи а) и б) од Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 30.1.2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УТВРДУВА дека се исполнети условите за отворање на ликвидација на брокерската куќа Алта Виста Брокер АД Скопје со седиште на ул. „Кочо Рацин‘‘ бр. 32-2/2 во Скопје, поради трајно одземање на дозволата за вршење на сите услуги со хартии од вредност од Комисијата за хартии за хартии од вредност на Република Македонија и поради Одлука број 06/2014 од 22.01.2014 година за престанок со работа на брокерската куќа Алта Виста АД Скопје донесена од страна на Собранието на акционери.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. УП1 08-02
30 јануари 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

**991.**

Врз основа на член 190 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013 и 188/2013 ) и врз основа на член 38 став 4 од Законот за инвестициски фондови „Службен весник на Република Македонија" број 12/2009, бр. 67/2010, бр. 24/2011 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 24-01-2014 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМОТ ЗА РАНГИРАЊЕ НА СУБДЕПОЗИТАРНА БАНКА НА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД**

Член 1

Во Правилникот за критериумот за рангирање на субдепозитарна банка на инвестициски фонд (Службен весник на Република Македонија бр. 27 /2010, бр. 147/2011 и бр. 101/2013) се додава нов член 9 кој гласи:

"Член 9

Депозитарните банки должни се да извршат избор на субдепозитарна банка или специјализирана депозитарна институција согласно критериумите од член 3 став 1 и член 4 од овој Правилник, најдоцна до 30.06.2014 година."

Член 2

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за дополнување на Правилникот за критериумот за рангирање на субдепозитарна банка на инвестициски фонд од времен карактер објавен во „Службен весник на Републка Македонија" бр. 139/2013.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 01-173/1
24 јануари 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

---

**992.**

Врз основа на член 94, член 99, член 100 и член 190 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија број 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на 24-01-2014 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КАТЕГОРИИТЕ НА СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ И СТРУКТУРАТА НА ВЛОГОВИТЕ ПРИ ОСНОВАЊЕ И СРЕДСТВАТА ОД АКТИВАТА НА ОВЛАСТЕНО ПРАВНО ЛИЦЕ СО КОИ ТРЕБА ДА РАСПОЛАГА И ВО КОНТИНУИТЕТ**

Член 1

Во членот 5 став 1 од Правилникот за утврдување на категориите на сопствени средства и начинот на пресметување на износот и структурата на влоговите при основање и средствата од активата на овластено правно лице со кои треба да располага и во континуитет („Службен весник на РМ" број 150/2010 и 35/2011)